ICF School

Наставна програма

# Продукт 1 во рамките на Еразмус+ проектот

# „Заеднички јазик во училиште“

Развиен од страна на конзорциум-партнерите:

- д-р Претис СИНН (Dr. Pretis SINN),
- Здружение за поддршка на училишна психологија на Штаерска (Unterstützungsverein Schulpsychologie Steiermark),
- Педагошки факултет на Штаерска (Pädagogische Hochschule Steiermark),
- Вилхелм Штадлер/ИнфоПро (DI Wilhelm Stadler/InfoPro),
- Здружение за унапредување на образованието, културата и спортот „Образование за сите“ Скопје,
- Основно училиште „Ванчо Прќе“ Штип,
- Центарот за кондуктивно образование Феникс (Pfennigparade Phoenix Schulen und Kitas GmbH),
- Медицинско училиште Хамбург (Medical School Hamburg),
- Здружение за детски развој и едукатори од Турција (CDGER Cocuk Gelisimi ve Egitimcileri Dernegi), и
- Здружение за Даунов синдром од Турција (Down Sendromu Dernegi)

Отворена лиценца: Attribution 4.0 International (CC BY 4.0)
https://creativecommons.org/licenses/by/4.0/legalcode

Кофинансирано од Програмата на Европската унија Еразмус+

Овој проект е финансиран со поддршка на Европската комисија. Оваа публикација ги одразува само ставовите на авторите и Комисијата не може да се смета за одговорна за било каква употреба што може да биде направена од информациите што се содржат во истата.

## Содржина:

1. МКФ-наставна програма за стручни лица во училиштата (П1) ........................................ 2
1.1 Вовед........................................................................................................................ 2
1.2 ОСНОВНО НИВО ......................................................................................................... 3
1.3 НАПРЕДНО НИВО ....................................................................................................... 4
1.4 ДОПОЛНИТЕЛНО НИВО................................................................................................ 5
2. Цел и опсег на наставната програма ............................................................................. 5
3. Наставната програма - содржина.................................................................................... 6
3.1 Основно ниво ............................................................................................................... 6
3.2 Напредно ниво ............................................................................................................. 7
3.3 Дополнително ниво........................................................................................................ 8
4. Литература и линкови ....................................................................................................... 9

# 1. МКФ-наставна програма за стручни лица во училиштата (П1)

## 1.1 Вовед

Следнава наставна програма – тесно поврзана со онлајн модулите за обука – се базира на соработка помеѓу конзорциум-партнерите во проектот. Сите вклучени институции претставуваат клучни учесници во однос на поддршката на децата со развојни проблеми во училишни услови.

Наставната програма го следи пристапот на резултати од учење и главно се фокусира на стручните лица во училиштата според различните нивоа на Европската рамка на квалификации/Националната рамка на квалификации/Македонската рамка на квалификации. Програмата се базира на 3 нивоа, дефинирани од страна на конзорциум-партнерите, а следејќи ги потребите на стручните лица во училиштата во однос на тоа како да ја имплементираат МКФ.

- Наставна програма - дел 1: ОСНОВНО НИВО: Ова се однесува на основната имплементација на МКФ во училиштата.
- Наставна програма - дел 2: НАПРЕДНО НИВО: Ова се однесува на вклучувањето на МКФ во инструментите за планирање и документирање во училиштата.
- Наставна програма - дел 3: ДОПОЛНИТЕЛНО НИВО: Ова се однесува на комуникацијата и фокусирање на УЧЕСТВОТО од страна на сите клучни учесници (учители, родители, училишни псхолози).

Начинот на спроведување на наставната програма не е дефиниран, меѓутоа во рамките на критериумите за сертификација се наведени минималните барања (време, организација, трансдисциплинарност). Содржините и целите на наставната програма може значително да се разликуваат помеѓу различните партнери кои потекнуваат од различни држави, поради различните потреби во рамките на различните држави.

Како што е опишано погоре, веќе постојат одредени материјали за обука – во електронска или печатена форма кои се однесуваат на работата со деца и адолесценти во различни земји. Анализа во однос на тоа кои се вистинските потреби на стручните лица во врска со употребата на МКФ во училиште сè уште не постои.

Исто така, очекуваните резултати од учење досега не беа опишани. На овој начин, подолу формулираните очекувани резултати од учење претставуваат обид да се пристапи кон темата НЕФОРМАЛНА понатамошна едукација на стручните лица во училиштата, со цел да се користи МКФ на структуриран начин. Овие очекувани резултати од учењето се наменети како основа за дискусија и треба да ја стимулираат дискусијата, особено помеѓу стручните лица од различни професии и полиња во рамките на работата во училиштата, бидејќи МКФ претставува заеднички јазик и промовира меѓупрофесионална размена. Овде станува збор за 17 очекувани резултати од учењето во рамките на 4-те модули. Во оваа фаза не станува збор за сеопфатност. Овде фокусот (сè уште) е на воведот.

## 1.2 ОСНОВНО НИВО

| ЕРК-ниво/ наслов | Познавање | Вештини | Поопширни способности |
|---|---|---|---|
| **3**<br><br>**Основно ниво**<br><br>**Познавање на основни принципи и општи термини** | Учесниците ја разбираат основната структура и меѓународната имплементација на МКФ, како и нејзиниот развој и примарните мотиви.<br><br>Свесни се дека функционалното здравје е дефинирано со компонентите на телесните функции, телесните структури, активностите и учеството, факторите од средината и индивидуалните фактори.<br><br>Учесниците ја знаат дефиницијата за попреченоста според МКФ и можат да ја разликуваат од | Учесниците можат да ја опишат попреченоста, како ограниченост во учеството, потпирајќи се на стандардите на МКФ.<br><br>Го знаат значењето на различните компоненти и нивните можни интеракции со олеснувачките фактори и бариерите.<br><br>Тие формираат концепт за тоа како да организираат интердисциплинарна координација меѓу стручните лица, пациентите/клиентите и нивните старатели. | Учесниците можат да ги опишат здравјето и здравствените состојби користејќи ја МКФ. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | дефиницијата според медицинскиот модел.<br><br>Знаат дека МКФ овозможува систем за систематско кодирање за здравствените системи на податоци и овозможува научна база за разбирање и учење за здравјето и состојбите поврзани со него.<br><br>Свесни се дека принципот на ориентираност кон ресурси е важен за имплементацијата на МКФ.<br><br>Знаат дека конкретната цел на МКФ како  класификација е да овозможи заеднички јазик и да даде рамки за опишување на здравствени состојби и други состојби поврзани со здравјето. | | |

## 1.3 НАПРЕДНО НИВО

| ЕРК-ниво/ наслов | Познавање | Вештини | Поопширни способности |
|---|---|---|---|
| **4-5**<br><br>**Напредно ниво**<br><br>**Документирање**<br><br>**Планирање** | Учесниците се запознаени со различните алатки за работа во рамките на МКФ (на пр. сетови на кодови, листи за проверка, е-алатки...), кои беа развиени како резултат на различните специфични потреби.<br><br>Запознаени се со упатствата за кодифицирање за МКФ според СЗО.<br><br>Знаат дека, покрај кодифицирањето, индивидуалниот опис поврзан со индивидуалниот случај е задолжителен. | Учесниците се здобиваат со практично искуство преку примена на МКФ кодовите со различни примери.<br><br>Запознаени се со практичното користење на различните услуги/алатки во нивната работна средина и имаат искуство со барем една од тие услуги.<br><br>Можат да формулираат цели на учество, земајќи ги предвид сите компоненти (ресурси и бариери) на пациентот/клиентот.<br><br>Познаваат методи како да ги вклучат ресурсите и имаат практично искуство при | Учесниците ја ценат и ја охрабруваат мултиперспективноста преку интердисциплинарна размена со организирање состаноци на тимовите, документација и разговор со пациентите/клиентите и родителите.<br><br>Организираат состаноци, го споделуваат нивното знаење и се заинтересирани за мислењата на другите стручни лица, на пациентите/клиентите и нивните родители.<br><br>Учесниците можат да формулираат заеднички цели при интердисциплинарната размена, земајќи ги |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | примена на тие методи. | предвид гледиштата на пациентите/клиентите и на родителите.<br><br>Учесниците можат да ги документираат резултатите во заеднички план за развој и терапија. |

## 1.4 ДОПОЛНИТЕЛНО НИВО

| ЕРК-ниво/ наслов | Познавање | Вештини | Поопширни способности |
|---|---|---|---|
| **6-8**<br><br>**Дополнително ниво**<br><br>**Комуникација**<br><br>**Учество** | Запознаени се со био-психо-социалниот пристап, кој овозможува интегрирање на различните перспективи на функционирање и здравје кај индивидуата.<br><br>Свесни се за големиот број перспективи на проценка на попреченоста.<br><br>Учесниците се свесни за фактот дека со МКФ не се класифицираат лицата, туку се класифицира нивната здравствена состојба во интеракција со нивната средината и индивидуалните фактори. | Учесниците можат да имплементираат мултидисциплинарна координација меѓу стручните лица, заснована на МКФ стандардите.<br><br>Учесниците ја земаат предвид перспективата на пациентите/ клиентите и ги вклучуваат кога го опишуваат и оценуваат нивното функционирање. Ако постојат некои ограничувања (на пр., мала возраст, когнитивен капацитет или изразување на говорот) овие лица да бидат вклучени, тогаш застапникот на лицето треба да биде и активен учесник.<br><br>Учесниците се здобиле со практични искуства во полето на преговарање. | Учесниците ги разбрале етичките упатства на СЗО за примена на МКФ и се придржуваат до нив.<br><br>Дискутирале за предизвиците кои се однесуваат на комуникација за време на интердисциплинарни советувања или дискусии со клиентот/лицето и можат да ги проценат своите способности во преговарачките методи.<br><br>Учесниците го имплементираат принципот на ориентација кон ресурсите при користење на МКФ. |

# 2. Цел и опсег на наставната програма

Наставната програма е дизајнирана да им помогне на стручните лица во училиштата, кои заедно со родителите и стартелите прават проценка на потребата од

помош, да ги соберат и обезбедат релевантните податоци според МКФ, а кои се поврзани со потребата на детето за поддршка и дејствување. Целта овде е да се соберат потребните анамнестички податоци и да се направи разлика при следните чекори на овој процес:

А. **Прибирање на податоци од набљудување** од страна на стручните лица, како и информации од страна на родителите. Овие податоци од набљудувања, кои исто така можат да вклучат и резултати од соодветни тестови, треба да бидат, колку што е мошно повеќе, ориентирани кон **способностите** на детето. Тоа значи дека во овие податоци од набљудување, во кој што е претставена целосната слика за ситуацијата на детето, пред сè, треба да бидат опишани оние способности на детето што биле набљудувани од страна на стручните лица, како и информациите што ги даваат родителите. Овие прибрани податоци од набљудување треба да се структурираат според структурата на таканаречената „Голема 6-ка“ во МКФ (**дијагноза, индивидуални фактори, фактори на животна средина, телесни функции, телесни структури и учество**).

Б. Вториот чекор е **проценката** на прибраните податоци, којашто се разликува од набљудувањата (модул 2). Во оваа проценка, од една страна треба да се интерпретираат набљудуваните отстапувања кај детето во согласност со нормите соодветни за возраста, а од друга страна треба да се проценат набљудуваните силни страни на детето, како и можните олеснувачки фактори или бариери во неговата животна средина. Овој процес на проценка завршува со опис на потребата од поддршка за детето, земајќи ги предвид постоечките олеснувачки фактори или бариери во средината.

Ц. Третиот чекор се состои во формулирање на **цели на учество** (во смисла на практична имплементација – во модул 3) кои може да се сфатат како цели кои детето треба да ги постигне по спроведениот соодветен план и мерките за поддршка и терапија. Овие цели на учество, притоа, може во голема мера да се засноваат на „ајтемите“ на МКФ. Во принцип, овој почетен прашалник за спроведување на разговор и интервју ја следи идејата за овозможување на најголема можна синергија во однос на понатамошниот процес. Ова се однесува, на пример, на: извештаите од докторите или на евалуацијата на интервенцијата по истекувањето на временскиот период предвиден за интервенцијата.

# 3. Наставната програма - содржина

## 3.1 Основно ниво

1.1 Да стекнат основни познавања за филозофијата на МКФ.

1.2 Да ги разберат здравјето и болеста во рамките на дефиницијата на СЗО.

1.3 Да ја препознаат МКФ како дел од „семејството“ меѓународни класификации на СЗО.

1.4 Да стекнат основни познавања за целите и опсегот на МКФ.

1.5 Да ја разберат структурата на МКФ.

1.6 Да можат да ја разберат и проценат важноста и примената на МКФ во училиштата.

| Времетраење | Форма | Корисни материјали |
|---|---|---|
| Минимум 1-2 дена | Презентација (Модул 1) лице-в-лице | http://eci20.infosoc.at/index.php?menupos=5&submenupos=1 |

## 3.2 Напредно ниво

2.1 Да ја познаваат структурата на МКФ.

2.2 Да можат да ги разликуваат различните компоненти на МКФ.

2.3 Да стекнат основни познавања за критериумите за проценка во рамките на МКФ.

2.4 Да можат да ги поврзат информациите/набљудувањата со компонентите на МКФ.

2.5 Да стекнат знаење за процесот на кодирањето и користењето на квалификаторите за проценка на СЗО.

2.6 Да можат да го набљудуваат детето и семејството и да изберат/ назначат соодветни кодови во рамките на трансдисциплинарната соработка.

2.7 Да можат да комуницираат со семејството во однос на користењето на квалификаторите за проценка на СЗО.

| Времетраење | Форма | Корисни материјали |
|---|---|---|
| Минимум 1 ден | Презентација (Модул 2 + 3), лице-в-лице | http://eci20.infosoc.at/index.php?menupos=5&submenupos=1 |

Корисни материјали:

Кодирање: Преглед на квалификатори на СЗО (телесни функции, структури и учество*)

| | Квалификатор (СЗО) | Временски аспект | Честота | Потреби за асистенција |
|---|---|---|---|---|
| Нема оштетување<br><br>Нема потешкотии | 0 | | Значи дека лицето нема проблем. | Независно живеење. |
| Благо оштетување<br><br>Блага потешкотија | .1 | Помалку од 25% од времето. | Интензитет што може да се толерира од страна на лицето и проблемот се појавил **РЕТКО** во период од последните 30 дена. | Може да биде потребно надгледување на лицето при извршување на активности. |
| Умерено оштетување<br><br>Умерена потешкотија | .2 | Помалку од 50% од времето. | Интензитет што прави пречки во секојдневниот живот на лицето и проблемот се појавува **ПОНЕКОГАШ** (во период од последните 30 дена). | Умерена асистенција. |
| Сериозно оштетување<br><br>Сериозни потешкотии | .3 | Повеќе од 50% од времето. | Интензитет што делумно го нарушува секојдневниот живот на лицето и проблемот се појавува **ЧЕСТО ПАТИ** (во период од последните 30 дена). | Максимална асистенција, можеби 2 асистента. |
| Целосно оштетување<br><br>Целосна потешкотија | .4 | Повеќе од 95% од времето. | Интензитет што целосно го нарушува секојдневниот живот и проблемот се појавува **СЕКОЈДНЕВНО** (во период од последните 30 дена). | Целосна асистенција. |

*Овој документ – заради намалување на сложеноста на системот за квалифицирање – не ја опфаќа разликата помеѓу „капацитет” и „изведба” во компонентата активности/учество.

## 3.3 Дополнително ниво

3.1 Учесниците да можат да ги поврзат релевантните информации за ученикот со МКФ.

3.2 Учесниците да можат да започнат процеси на размена со другите членови на тимот во училиштето во врска со кодовите.

3.3 Учесниците да можат да ги класифицираат информациите во рамките на тимот околу семејството.

3.4 Учесниците да се запознаени со примери од меѓународна пракса.

3.5 Учесниците да можат да формулираат цели на учество заеднички во „тимот околу семејството“.

| Времетраење | Форма | Корисни материјали |
|---|---|---|
| Минимум 1 ден | Презентација (Модул 4), лице-в-лице | Листа на „ајтеми“ во врска со потребата од помош |

## 4. Литература и линкови


- www.dimdi.de (deutsche Entwurfsversion der ICF): http://www.dimdi.de/dynamic/de/klassi/downloadcenter/icf/endfassung/icf_endfassung-2005-10-01.pdf

- www.icf-training.eu

- Hollenweger, J., Kraus de Camargo, O. (2011). ICF-CY. Die internationale Klassifikation der Funktionsfähigkeit, Behinderung und Gesundheit bei Kindern und Jugendlichen. Bern: Huber

- Kraus de Camargo, O., Simon, L. (2013). Die ICF-CY in der Praxis. Hogrefe

- Pretis, M., Sixt, S., Mechtl, R. (2019). ICF in der Schule. München: Reinhardt